- Список на катастарските парцели (земјоделско земјиште) кои што се предмет на пренамена од земјоделско во градежно земјиште (КП кои се во планскиот опфат);

-Имотни листови за катастарските парцели (земјоделско земјиште) кои влегуваат во планскиот опфат.

Со почит,

Помошник Раководител на Сектор
Аднан Алии

Изработил: Борче Лозановски
Согласен: Момчило Петровски

1 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Република Северна Македонија | Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија | +389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk | МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр. 10-23/6-101 од 08-04-2024**
Скопје

Одговорно лице:Миле Сарески
Контакт телефон: 072-931-116

**Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 1005-68/46 од 29.03.2024 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар - Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (km 0+000 – km 14+700).Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☒ 110(35)kV Трафостаница
☒ 110kV Подземна мрежа
☒ 110kV Надземна мрежа
☒ 35kV Подземна мрежа
☒ 35kV Надземна мрежа
☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа
☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа
☒ Опфатот го сече 110кВ вод сопственост на МЕПСО

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани постојни и новопланирени електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.
Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија
При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обретите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.
За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и треба да ги надомести трошоците за истото, по издадено техничко решение од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје .Се до исполнување на условите за промена или дислокација на водот и реализација на техничкото решение, важи неговиот заштитен појас и одредбите од Закон за енергетика и Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОБПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До
Градежен институт Македонија
ул. Дрезденска бр.52
Скопје

Бр.11-2551/1
04.04.2024

**Предмет: Податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти**

Врз основа на Вашето барање бр.1003-68/46 од 29.03.2024 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 29.03.2024 година со број на постапка 60961, (наш број 11-2551 од 01.04.2024 година) за податоци и информации за изработка на Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, делница на Автопат: Гостивар – Букојчани во Општина Гостивар и Општина Кичево (км 0+000 – км 14+700), Ве известуваме дека предметниот плански опфат **СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа:

**1.Пресек со постојни 110kV далекуводи на АД МЕПСО**
**2.Пресек со постојна 110kV трафостаница на АД МЕПСО**
Во прилог Ви доставуваме подлога во dwg формат прикачена на системот е-урбанизам.

**Напомена:** Податоците се од информативен карактер и затоа при реализација на предметната активност потребно е да се направи детална геодетска снимка на планскиот опфат со приказ на постојна состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за подземни, надземни и воздушни инсталации како и нивелациони коти на теренот, на ажурирана геодетска подлога, согласно член 2 точка 1 и член 43 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/2020). При тоа треба да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл. весник на РМ бр.96/2018), како и член 224 од Мрежните правила за пренос на електрична енергија (Сл.весник на РСМ 4/2022).

Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на Ваш товар и сметка.

Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО-Скопје.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Весна Чингоска

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

ECM
ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3-И-0740-101_01-1

**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА**
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

**Бр:** 08-2289/2
**Скопје,** 09-04-2024

До: **ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА**
ул. Дрезденска бр.52
1000 Скопје

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани,

Согласно Вашиот допис бр.1005-68/46 од 29.03.2024год., поднесен по електронски пат во системот Е-урбанизам (број на постапка 60961), а во врска со Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, Делница на автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево(км 0+000-км 14+700), во прилог Ви го испраќаме одговорот од Подружница РЕК „Осломеј".

Прилог: Допис од Подружница РЕК „Осломеј" бр.04-835 од 04.04.2024г.

Изработил: Маја Ангеловска, Марија Димовска, Тања Спировска
Одобрил: Звонко Кушоски, Влатко Павлески, Емилија Ј.Стојанова

**ПОМОШНИК ДИРЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ**
**Елена Трпеска Богдановски**

Ко:
- Архива
- Сектор за развој и инвестиции

тел.:+389 (0)2 31 49 278, факс: +389 (0)2 31 49 176; www.esm.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk

ECM
ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3-И-0740-101_01-1
АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Подружница РЕК „ОСЛОМЕЈ"
с. Осломеј, Р. Северна Македонија

04-835
04-04-24

До:

**АД ЕСМ-Скопје**
**Дирекција**
**Сектор за развој и инвестиции**

**Предмет:** Известување од Подружница РЕК Осломеј – Осломеј по основ на барање Ваш бр.08-2289/1 од 01.04.2024 година.

Почитувани, Врз основа на Барање број 08-2289/1 од 01.04.2024 година поднесено од страна на Сектор за развој и инвестиции на АД ЕСМ Скопје, Согласно дописот бр.1005-68/46 од 29.03.2024 година доставен од Градежен институт Македонија, по електронски пат во системот Е урбанизам (број на постапка 60961), а во врска Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, Делница за автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево(км 0+000-км 14+700). Ве информираме дека Подружница РЕК Осломеј-Осломеј според документацијата со која располага нема и не планира инсталации и објекти на предметниот простор даден во графичките прилози.

Со почит,

Изработил: Слободан Секулоски
Одобрил: Јане Никодиноски

**Подружница РЕК Осломеј-Осломеј**
**Директори,**
**Стојан Мицкоски дипл.маш.инж.,Неџбудин Нуредини дипл.ек.**

ОСЛОМЕЈ
OSLLOME

Ко:

- Архива
-Сектор за развој и инвестиции

тел.:+389 (0) 45 25 98 02, факс: +389 (0) 45 25 87 55; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 11-2454/1
01-04-2024 г.
Скопје

До: Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Скопје, 01.04.2024 год.

**Предмет:** Податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 60961 креирано на 29.03.2024 година и наслов 'Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар - Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (km 0+000 – km 14+700)' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека во предметното подрачје на опфатот кој е доставен до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, **имаме** постојни подземни/надземни инсталации.

Во прилог Ви доставуваме податоци за постојни подземни/надземни инсталации во електронска форма во PDF и DWG формат.

**Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.**

Лице за контакт:
Бранкица Маринковска тел. 077/773-244

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
Бранкица Маринковска
Помлад специјалист за дизајн и планирање на мрежа

Друштво за комуникациски услуги ... ДООЕЛ Скопје

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

HIDROPROJEKAT SAOBRAĆAJ GRADIS CHAKAR & PARTNERS CONSULTING - ENGINEERING - MARKETING

## ПОДЗЕМНА И НАДЗЕМНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА А1 МАКЕДОНИЈА




ЛЕГЕНДА:

- Aerial_Cable
- Duct_Cable
- Optical_Cable
- Pipes
- Trenches
- Overhead_Lines

* Duct - Подземно
* Aerial - Надземно
* Trench - Ров
* Pipe - Цевка/Туба
* Overhead line - Надземна рута
* Coax cable - Коаксијален кабел
* Optical cable - Оптички кабел

Р = 1 : 85000

Дата: 2024-03-30

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 60961
Дата: 03.04.2024

До
Градежен Институт Македонија
Ул. Дрезденска 52, 1000 Скопје

Ваше упатување: Барање на податоци и информации

Наше контакт лице: Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон: +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со: Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар - Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (km 0+000 – km 14+700), Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура апплицирана на графичкиот прилог.

**Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.**

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во посталката.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД-СКОПЈЕ
Адреса: Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Internet: www.telekom.mk
Контакт центар за приватни корисници: +389 2 122, +389 70 122|E-Mail: kontakt@telekom.mk
Контакт центар за деловни корисници: +389 2 120, +389 70 120|E-Mail: biznis.kontakt@telekom.mk
ЕМБС: 5168660 | Основна главнина: МКД 9.583.887.733,00
ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

НЕОТЕЛ ДОО Скопје Кузман Јосифовски Питу бр.15, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел. 02 55 11 155, 02 55 11 112 Факс 02 55 11 103 Техничка поддршка 02 55 11 111 www.neotel.mk

Слабинац
Апроестрејтелна С
29.04.2024

Друштво за телекомуникации и услуги
НЕОТЕЛ ДОО извоз-увоз
Бр. 0302 - 415/1
25.04 2024 год.
СКОПЈЕ

До

Градежен институт Македонија

Ул. Дрезденска 52

Скопје

Од

НЕОТЕЛ ДОО Скопје

Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.15

1000 Скопје

**Предмет: Одговор на вашето барање со број 1005 – 68/55 од 03.04.2024 година.**

Почитувани,

Во однос на Вашето Барање со **број 1005 – 68/55 од 03.04.2024 година. Измена и дополна на урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, Делница на автопат: Гостивар – Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево ( Км 0+000 – Км 14 + 700)** Сакаме да ве известиме дека Неотел Доо на посочениот опфат има свои инсталации и ќе ви ги испратиме во електронска форма ( DWG формат ).

Бидејќи во посочениот опфат Неотел Доо има постоечка инфраструктура, ве молиме пред почетокот на градежните активности да бидеме известени за истите, за да се направи увид на лице место и да се дефинира дали ќе биде потребна дислокација на нашата инфраструктура и дали ќе треба да се превземат активности за заштита на истата.

За било какви дополнителни информации, слободно контактирајте не.

Со почит,

НЕОТЕЛ ДОО Скопје

*Александар Грчев*
*Администратор за оптички мрежи*
Неотел доо
Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.15, Скопје
тел. +389 2 55 11153
моб. +389 70 372 453
факс.+389 2 55 11103
e-mail: aleksandar.grcev@neotel.mk

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

| Примено | 29-04-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 1005 | 68/84 | | |

Наш број: 1404-1354/2
Скопје 19. 04. 2024 г.

ДО:
**Градежен институт Македонија**
ул. „Дрезденска " бр.52
Скопје

**Предмет**: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
**Врска:** Ваш број : 1005-68/46 преку е-урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар - Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (km 0+000 – km 14+700), према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
Податоци на изградени јавни
електронски комуникациски мрежи во електронска форма

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов

Советник на Директорот
Игор Бојациев

АЕК-401.03

ДИРЕКТОР:
Jeton Aliki

www.aek.mk

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 10-3944/2
04-04-2024
Скопје/Shkup__________година/viti

ДО ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ
МАКЕДОНИЈА АД
ул.Дрезденска бр.52
1000 Скопје

**Предмет:Податоци и информаци**

Почитувани,
Врз основа на Вашето Барање број 1005-68/46 од 29.03.2024 год. за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (км.0+000 - км.14+700), Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-3944/1 од 01.04.2024 година:

- Ажурирана геодетска подлога со нанесен опфат и
- Прегледна карта.

Од доставените и разгледани прилози, констатирано е дека низ приложениот проектен опфати освен постоечкиот магистрален пат (автопат) А2 (М-4), постоечкиот магистрален пат А2 (М-4) и регионалнот пат Р1206 (Р-402), Јавното претпријатие за државни патишта нема други инсталации и објекти. За останатите инсталации и објекти покрај патот да се обратите до надлежните институции, чија сопственост се истите.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

1

01

бр. 12-8/317
Скопје, 01.04.2024 година

**До:** **Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

**Предмет:** Доставување на податоци и информации

**Врска:** Ваш бр. 1005-68/46 од 29.03.2024 година
*e-urbanizam, постапка бр. 60961*

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

**Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар – Букојчани (km 0+000 – km 14+700), Општина Гостивар и Општина Кичево**

при што утврдија дека предметниот опфат се наоѓа **вон зона** на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во опфатот нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, со напомена дека за изградба на:

- издвоени антенски столбови со височина поголема од 30м, или
- далноводи под напон поголем од 100 КВ на премин преку автопат,

потребно е да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај од Агенцијата за цивилно воздухопловство, согласно *член 80, став (1) и (2) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на РСМ" бр. 14/24)*, на изработена проектната документација, а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

*изработил: Б.Пејовска*

**Билјана Јованова**
*(по овластување од Директорот*
*бр.02-1730/3 од 28.12.2023 година)*

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

БР. 2001 - 1714/2
02-05-2024

До

**ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА**
ул. „Дрезденска" бр. 52
1000 Скопје

**Предмет:** Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис бр. 1005-68/46 од ден 29.03.2024 година и број на постапка: 60961 од Е-урбанизам со кој барате податоци и информации, а кои Ви се потребни за изработка на **„Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар – Букојчани, општина Гостивар и општина Кичево (km 0+000 - km 14+700)"**, Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената документација дополнета со потесен-работен опфат, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

Со почит,

Помошник директор за пруги

Driton Rusi

Изработил: Ивана Бикоска С.
Проверил и согласен: Весна Стеваноска

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

**Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост**

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр 54, Скопје,
поштенски фах: 683
тел 02 6090-137, 02 3118 555
e-mail contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7549401

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 08-214/2/2
01.04.2024 год.viti,
Скопје-Shkup

До: **Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање податоци и информации,** ваш бр. 1005-68/46 од 29.03.2024 година

Согласно вашето Барање податоци и информации, ваш бр. 1005-68/46 од 29.03.2024 година, за изготвување ПИМ за Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар - Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (km 0+000 – km 14+700).

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат **нема** изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Со почит,

Изготвил:
Анита Тевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
60961

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

OKTA

Пресаргоил 17.04.2024
ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788
OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788
www.okta-elpe.com

До
ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
„Дрезденска" бр.52
1000, Скопје

Бр.12/4-1273/24-2
12.04.2024

12.04.2024 год.

**Предмет:** Барање на податоци информации и мислење
**Врска:** Ваш допис бр.1005-68/55 од 03.04.2024 год. И Наш бр. 12/4-1273/24 од 08.04.2024

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за достава на податоци, информации и мислење за изработка на проектна документација за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: Гостивар- Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево, Ве информираме дека на предметниот проектен опфат **немаме** наши постоечки објекти или инсталации.

Со почит,

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

| Примено: | 17-04-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| 1005 | 68/62 | | |

ТЕХНИКА

Менаџер
Зафир Спировски

ОКТА Скопје

SZQ-0740-002_v02

# 2 Објава на одлуки за одобрување на урбанистичките проекти

27 октомври 2023 СЛУЖБЕН ВЕСНИК на Република Северна Македонија Бр. 227 - Стр. 5

**3965.**

Врз основа на член 63-а став (13) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 октомври 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ТЕТОВО-ГОСТИВАР, ОПШТИНА ТЕТОВО, ОПШТИНА БОГОВИЊЕ, ОПШТИНА БРВЕНИЦА, ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ, ОПШТИНА ГОСТИВАР (КМ 37+716 – 53+127)**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 37+716 – 53+127), со тех. бр. ППР.062-09-23 од октомври 2023 година, изработен од ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ „МАКЕДОНИЈА“ А.Д. – Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11423/3
27 октомври 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi**, с.р.

---

**3966.**

Врз основа на член 63-а став (13) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 октомври 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ГОСТИВАР – БУКОЈЧАНИ, ОПШТИНА ГОСТИВАР И ОПШТИНА КИЧЕВО (КМ 0+000 – КМ 8+430)**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар - Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (км 0+000 – 8+430), со тех. број ППР.063-09-23 од октомври 2023 година, изработен од ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ „МАКЕДОНИЈА“ А.Д. – Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11424/3
27 октомври 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi**, с.р.

---

**3967.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеи 1, 2 и 6 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 октомври 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА МАЛО, КАКО И ОБВРСКА НА ТРГОВЦИТЕ ДА ПРИБАВУВААТ И ПРОДАВААТ ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ И КОЛИЧЕСТВА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СПОРЕД ОПРЕДЕЛЕН РЕДОСЛЕД**

Член 1

Во Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на

**V E N D I M**
**PËR NDËRPRERJEN E SHFRYTËZIMIT TË SENDIT TË PALUAJTSHËM SHOQËRISË PËR ZHVILLIM SHOQËROR STRUGA EOS STRUGË**

Neni 1

Me këtë vendim, shfrytëzuesit të deritanishëm Shoqërisë për Zhvillim Shoqëror Struga EOS Strugë, i ndërpritet shfrytëzimi i sendit të paluajtshëm- objekt i cili ndodhet në rr. "Qytet", të PK nr.3374/1 për KK Kërçovë 6, e regjistruar në Fletëpronësinë nr.2165, pronësi e Republikës së Maqedonisë së Veriut edhe atë:

- ndërtesa nr.2, dedikimi i ndërtesës: B1-4, hyrja 1, kati BO, dedikim i pjesës së veçantë/përbashkët të ndërtesës P me sipërfaqe të brendshme 27 m²,
- ndërtesa nr.2, dedikimi i ndërtesës: B1-4, hyrja 1, kati BO, dedikim i pjesës së veçantë/përbashkët të ndërtesës P me sipërfaqe të brendshme 27 m²,
- ndërtesa nr.2, dedikimi i ndërtesës: B4, hyrja 1, kati PR, dedikim i pjesës së veçantë/përbashkët të ndërtesës HP me sipërfaqe të brendshme 38 m² dhe
- ndërtesa nr.2, dedikimi i ndërtesës: B4, hyrja 1, kati PR, dedikim i pjesës së veçantë/përbashkët të ndërtesës HA me sipërfaqe të brendshme 232 m².

Neni 2

Ky vendim hyn në fuqi ditën e nesërme nga dita e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. 41-4665/5
6 qershor 2024
Shkup

Kryetari i Qeverisë të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Mr. **Talat Xhaferi**, d.v.

**2186.**

Врз основа на член 63-а став (13) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020 и 111/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 јуни 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ ГОСТИВАР - БУКОЈЧАНИ, ОПШТИНА ГОСТИВАР И ОПШТИНА КИЧЕВО (КМ 0+000 – КМ 14+700)**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Изменувањето и дополнувањето на Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат Гостивар - Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (км 0+000 - км 14+700), со тех. број ППР.021-05-24 од мај 2024 година, изработен од ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ „МАКЕДОНИЈА" АД – Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Северна Република Македонија".

Бр. 41-4824/5
6 јуни 2024 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Северна Македонија,
м-р **Талат Џафери/Talat Xhaferi**, с.р.

Në bazë të nenit 63-a paragrafi (13) të Ligjit të Planifikimit Urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.32/2020 dhe 111/23), Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën mbajtur më 6 qershor 2024, solli

**V E N D I M**
**PËR MIRATIMIN E NDRYSHIMIT DHE PLOTËSIMIT TË PROJEKTIT URBANISTIK PËR NDËRTIME TË INTERESIT STRATEGJIK PËR NDËRTIM TË KORRIDORIT RRUGOR 8, SEKSION I AUTOSTRADËS: GOSTIVAR – BUKOJÇAN, KOMUNA E GOSTIVARIT DHE KOMUNA E KËRÇOVËS (KM 0+000 – KM 14+700)**

Neni 1

Me këtë vendim miratohet Ndryshimi dhe plotësimi i Projektit urbanistik për ndërtime të interesit strategjik për ndërtim të korridorit rrugor 8, seksioni i autostradës: Gostivar – Bukojçan, Komuna e Gostivarit dhe Komuna e Kërçovës (km 0+000 – km 14+700), me numër tek. PPR.021-05-24 maj 2024, përgatitur nga INSTITUTI I NDËRTIMIT "MAQEDONI" SHA – Shkup.

Neni 2

Ky vendim hyn në fuqi me ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. 41-4824/5
6 qershor 2024
Shkup

Kryetari i Qeverisë të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Mr. **Talat Xhaferi**, d.v.

**2187.**

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21 и 111/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 6 јуни 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Член 1

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за државни патишта – како предлагач на експропријацијата да му се предаде во владение недвижност која претставува: